Дали канабиноидите се ефикасни за третман на кахексија/ синдром на губење на тежина кај ХИВ позитивни пациенти?

Роберт Златанов[1], Диана Илиоска[1], Тијана Серафимовска[2], Марија Дарковска-Серафимовска[1]

[1]Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" –Штип, Република Северна Македонија
[2]Фармацевтски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" - Скопје , Република Северна Македонија

Вовед

Кахексијата (синдром на губење на телесна тежина) е чест проблем кај пациентите со хуман имунодефицитарен вирус (ХИВ). Таа се дефинира како загуба од најмалку 10% од телесната тежина. Кај ХИВ позитивните пациенти кахексијата е поврзан со хронична дијареа, замор и треска во траење од најмалку 30 дена. Оваа сериозна ситуација доведува до значителен морбидитет и морталитет.
Ендоканабиноидите (најдобро проучен е anandamide) се супстанци кои настануваат од метаболизмот на арахидонската киселина и играат важна улога во регулацијата на расположението, подобрување на апетитот, модулација на болката итн., преку врзување за канабиноидните CB_1 и CB_2 рецептори.



ANANDAMID



DRONABINOL

MARINOL (dronabinol) е единствениот синтетски канабиноид за орална администрација одобрен од FDA за третман на анорексија поврзана со губење на телесната тежината кај ХИВ пациенти.

Цел

Да се процени ефикасноста на канабиноидите за третман на кахексија кај ХИВ позитивни пациенти

Материјали и методи

Електронско пребарување на литературата објавена до јуни 2018

Резултати

Шест рандомизирани клинички студии кои вклучуваат 298 пациенти биле спроведени за да се оценат ефектите на дронабинол за третман на кахесија кај ХИВ пациенти. Во 5 студии, ефектите на дронабинол биле споредувани со плацебо и во една со мегестрол ацетат. Само една студија била класична плацебо-контролирана студија во која биле пратени ефектите на дронабинол врз корекција на телесната тежина.

СТУДИЈА	РЕЗУЛТАТИ
Struwe 1993	На dronabinol, сите 5 пациент ја зголемиле ТТ, на плацебо 3 ја намалиле (се работи за промена на количината на масно ткиво)
Beal 1995	Dronabinol n=50 (+0,1 kg пораст), плацебо n=38 (-0,4 kg пад на ТТ)
Timpone 1997	Dronabinol 2x2,5mg (-2kg пад на ТТ), megestrol 750mg/dan (+6,5kg зголемување на ТТ)
Abrams 2003	Dronabinol n=22 (+3kg зголемување на ТТ), marihuana n=20 (+3,2kg зголемување на ТТ), плацебо n=20 (+1,1kg зголемување на ТТ)
Haney 2007	Во текот на 4 дена зголемени дози на dronabinol (4x10kg/ден) +1,2kg зголемување на ТТ, Во текот на 4 дена зголемени дози на марихуана (3,9% THC) +1,1kg зголемување на ТТ





- Дронабинолот во дози од 5mg/ден, го стимулира зголемувањето на телесната тежина (споредено со плацебо)
- Дронабинолот има послаб ефект на зголемување на телесната тежина споредено со мегестрол ацетат

Заклучок

Употребата на канабиноидите може да има позитивен ефект врз подобрување на апетитот и зголемување на телесната тежина кај ХИВ позитивни пациенти



Референци
Patricia.K A pilot study of the effects of cannabis on apetite hormones in HIV infected men
Timpone J.G The safety of single agent and combination therapy with megastrole acetat and dronabinol for the treatment of HIV infected men
Kirham T.C Canabinoids and appetite : food cravings and food pleasure